**ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБА СО ГОЛЕМА КАШЛИЦА**
**ВО Р.СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2024/25 ГОДИНА, ЗАКЛУЧНО СО 23.01.2025**

## Неделни податоци

Во периодот од 17.01-23.01.2025 година, пријавени се два случаи на голема кашлица, исто како и претходниот седмодневен период. Станува збор за две деца, едното од Скопје, на возраст од 10 години, со непознат вакцинален статус и друго дете од Пробиштип на возраст од 8 години, комплетно вакцинирано. Двете деца се амбулантски лекувани.

## Кумулативни податоци

- Во периодот 2024/25 година, заклучно со 23.01.2025, на територијата на Р.С. Македонија, регистрирани се вкупно 1.178 лица, заболени од голема кашлица, со инциденца од 64,1/100.000 жители.
- Најголем број од заболените лица се регистрирани на територија на Скопје (70,5%), а заболени се регистрирани и во 22 други градови низ РСМ.
- Сè уште, во тек е епидемијата на територијата на град Скопје.
- Највисока инциденца од 265,1/100.000 жители се регистрира во Кратово, во Скопје (136,7/100.000) и во Куманово (102,5/100.000).
- Најголем број од заболените припаѓаат на возрасната група од 0-4 години (37%), а највисока инциденца се бележи во возрасната група под 1 година и изнесува 1.566,4/100.000 жители.
- Од вкупниот број на регистрирани случаи (1.178), 746 случаи (односно 63,3%) не биле вакцинирани, не се комплетно вакцинирани согласно возраста или немаат доказ за вакцинација.
- Од случаите кои се комплетно вакцинирани (n=302), просек на поминато време од последната доза на вакцина до заболување изнесува 13,7 години.
- Вкупно е хоспитализиран 191 случај, од кои најголем дел припаѓаат на возрасната група од 0-4 години (n=168, 88%), кои во просек биле хоспитализирани по 8 денови.
- Од пријавените 1.178 случаи, лабораториски се потврдени 1.175.
- Од 18.01.2024 – 23.01.2025, на територијата на РСМ **дадени се вкупно 96.114 дози на вакцина која содржи компонента против голема кашлица**.

**Оддел за епидемиологија на заразни заболувања**

**24.01.2025** **Институт за јавно здравје на РСМ**